Бр./Nr 12-1611/1

16-04-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице на 47-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 13 Април 2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата за корупција бр. 12-3999/1 од 22.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поноcител – физичко лице, ------------------------------ од ---------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност - нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3999 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-3999/1 од 22.08.2019 година.

Предметот со број 12-3999 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3999 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3999/1 од 22.08.2019 година, доставена од познат поносител – физичко лице, -------------------------------- од -----------------.

Пријавата содржи наводи против Градоначалникот и против Инспекциската служба во општина -------------------------, за - како што се наведува ---------------------------- кои градоначалникот и администрацијата на општина ---------------- ги користеле и на кои се повикувале во преписките со подносителот , а поврзано со од него доставеното барање за информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, видно од содржината на пријавата и доставената придружна документација помеѓу подносителот на пријавата и општина --------------------, во неколку наврати, се одвивала писмена преписка/комуникација остварена во текот на 2019 година, а која се однесува на отстранување на ------------------------- кои --------------- на јавна повшина на територијата на општина ---------------, односно на ------------------------------------------.

Од содржината на придружната документација, исто така, произлегува дека подносителот, во текот на 2013 година до општина ---------------- доставил барање за --------------------, по однос на кое до Државната комисија не се доставени други списи, ниту одговор или акти донесени од страна на општината ------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Според содржината на писмената преписка помеѓу подносителот и општина ------------------, остварена во 2019 година, на барањето на општината до подносителот – за ---------------------- ----------------------, му претходело писмено барање на друг жител на општината со кое истиот побарал од општината да биде решен проблемот со ----------------------.

Видно од документацијата приложена кон пријавата, подносителот доставил, до општина ----------- -----------------------, Барање за информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од аспект на документација на која општината се повикувала во писмената преписка со подносителот на пријавата. Во контекст на ова од Заклучокот на општина -------------------- донесен во таа постапка произлегува дека општината на располагала со бараните информации, па оттаму и сомневањата за злоупотреба на службената положба и овластувањата , кај подносителот на пријавата.

Во делот од пријавата кој се однесува на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер нема податок дали барателот на информации/подносителот на пријавата користел правно-и средство-а согласно ЗСПИЈК и доколку користел каква е завршницата на истата.

Во целина на случајот според Државната комисија за спречување на корупцијата пријавата не упатува на индиции и основи за сомневање за сторени кривични дела кои би претставувале основа за надлежно постапување на Државната комисија согласно со надлежностите утврдени со одредбата од член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, конкретно за евентуално поведување постапка за кривично гонење – за кривични дела кои се гонат по службена должност и/или покренување на иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 13 Април 2021 година под број 12- _______/ _____**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот